Врз основ на член 17 од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта дел.бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година донесен од страна на Министерството за образование и наука, Комисиите за спроведување на постапки за екскурзиии на ученици во учебна 2023/24 година, на 01.04.2024 го распишуваат следниов:

**О Г Л А С З А Б А Р А Њ Е**
**И П Р И Б И Р А Њ Е Н А П О Н У Д И**
**за изведување на ученички екскурзии низ Македонија со ученици од деветто одделение, со ученици од шесто одделение, со ученици од трето одделение, еднодневен излет за учениците од прво до деветто одделение и настава во природа со ученици од петто одделение во учебна 2023/24 година**

1. Договорен орган: ООУ„Дебрца“ с. Белчишта, Општина Дебрца, е- маил: ou-debrca-belchishta-debarca@schools.mk
2. Предмет на договорите се :
    - Услуги од овластени туристички агенции за организирање и изведување на **тридневна ученичка екскурзија со ученици од деветто одделение**
    - Услуги од овластени туристички агенции за организирање и изведување на **дводневна ученичка екскурзија со ученици од шесто одделение**
    - Услуги од овластени туристички агенции за организирање и изведување на **еднодневна ученичка екскурзија со ученици од трето одделение**
    - Услуги од овластени туристички агенции за организирање и изведување на **еднодневен пролетен излет со ученици од прво до деветто одделение**
    - Услуги од овластени туристички агенции за организирање и изведување на **настава во природа со ученици од петто одделение**
3. Содржина на **тридневната ученичка екскурзија за учениците од деветто одделение, дводневната ученичка екскурзија за учениците од шесто одделение, еднодневната ученичка екскурзија за учениците од трето одделение, еднодневниот пролетен излет за учениците од прво до деветто одделение и четиридневната настава во природа за учениците од петто одделение** се дадени во програмите за сите горе наведени екскурзии која заедно со барањето за прибирање на понуди може да се подигнат од училиштето преку архива или електронски од е маил адреса: ou-debrca-belchishta-debarca@schools.mk
4. Избраните понудувачи за екскурзијата согласно член 23 од Правилникот се согласни патувањето да не смее да се изведува од 22 часот навечер до 06 часот наутро, а за еднодневната екскурзија патувањето не треба да се изведува во период од 17 до 06 часот. Согласни се да достават доказ за вонредна техничка исправност на возилата и записник за извршен вонреден технички преглед на автобусот кој записник нема да е постар од шест месеци, лекарско уверение на возачите кое не е постаро од шест месеци и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот 12 часа пред поаѓањето не бил ангажиран со возење.
5. Избраните понудувачи за време екскурзијата се должни да обезбедат и постојан лекарски надзор, од страна на лекар кој патува заедно со учениците и водич. Во понудената цена влегува и посебното осигурување на учениците кои патуваат.
6. Екскурзијата во целост ќе ја финансираат родителите на учениците, односно товарот за плаќање на вкупната вредност на склучениот договор го сносат родителите на учениците кои учествуваат на екскурзијата. За регулирање на плаќањето на овој аранжман секој родител ќе потпише договор со **избраниот понудувач и училиштето нема никаква финансиска обврска кон избраниот понудувач.**
7. На овој оглас може да се пријави секое правно лице кое ги исполнува следниве минимум критериуми:

- да е регистриран согласно позитивните законски прописи во РСМ за вршење на соодветна туристичка дејност
- да е регистриран најмалку три години пред изведување на екскурзијата, излетот или другата вонучилишна активност на учениците од основните училишта.
- да има успешно реализирано сопствена аранжманска програма во Република Северна Македонија
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

Понудата на понудувачот која не ги исполнува минималните услови ќе биде одбиена од страна на комисијата како неприфатлива.
Исполнувањето на овие минимум услови понудувачот го докажува со валидни сертификати и лиценци и друга соодветна документација, кои се задолжителен дел од понудата.

8. Понудите треба да содржат:

- Поединечна и вкупна цена на услугата (цена за сместување, за превоз, цена за исхрана, осигурување и вкупна цена) за еден ученик
- услови за сместување, мени за исхрана и превоз
- во цената влегува и посебното осигурување на учениците
- водичи, број на наставници и лекар / за кои е обезбедено сместување, храна и превоз на товар на понудувачот/
- Поволности за ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства или два или повеќе ученици од едно семејство

9. Критериум за доделување на договор за изведување на екскурзијата е најниска цена, на оној понудувач кој ги исполнува минимум критериумите дадени во точка 7 од овој оглас.
10. Понудата на понудувачот која не ги исполнува минималните услови дадени во точка 7 ќе биде одбиена од страна на комисијата како неприфатлива.
11. Во понудата не треба да има алтернативни решенија.
12. Избраниот понудувач на денот на потпишувањето на договорот доставува банкарска гаранција за квалитетно изведување на екскурзијата во висина од 10% од вкупната вредност на договорот и банкарската гаранција треба да биде со важност од 90 дена.
13. Изборот на најповолни понуди за екскурзија со ученици од: деветто одделение ќе врши Комисијата за спроведување на постапка за екскурзија со ученици од деветто одделение формирана од училишниот одбор, за екскурзија со ученици од шесто одделение ќе врши Комисијата за спроведување на постапка за екскурзија со ученици од шесто одделение формирана од училишниот одбор,за екскурзија со ученици од трето одделение ќе врши Комисијата за спроведување на постапка за екскурзија со ученици од трето одделение формирана од училишниот одбор, за еднодневниот пролетен излет за учениците од прво до деветто одделение ќе врши Комисијата за спроведување на постапка за излети со ученици од прво до деветто одделение формирана од училишниот одбор за настава во природа со ученици од петто одделение ќе врши Комисијата за спроведување на постапка за екскурзија со ученици од петто одделение формирана од училишниот одбор
14. Неизбраните понудувачи имаат право на жалба, преку училиштето до Градоначалникот на општината, во рок од 8 дена од добивањето на Одлуката за избор на најповолна понуда.
15. Понудите, заедно со техничката документација дадена во точка 10 да се доставаат лично или по пошта на следнава адреса: ООУ„Дебрца“, с. Белчишта Општина Дебрца, со назнака за спроведување на постапка за екскурзија со ученици од деветто одделение, шесто, трето, петто одделение и пролетен излет за учениците од прво до деветто одделение.
16. Огласот трае пет работни дена сметано со денот на објавувањето.
17. Крајниот рок за доставување на понудите е 08.04.2024 година, а јавното отворање на понудите ќе биде на 09.04.2024 година во 13 часот во централната училишна зграда во село Белчишта, Општина Дебрца.

ООУ „Дебрца“с. Белчишта

Директор

м-р Билјана Славевска

дел.бр 03-87/2
од 01.04.2024